

# Шуга

## Важни работи

- Шугата не се добива поради лоша лична чистота
- Шугата се пренесува преку близок допир со некој што е заразен
- Сите членови на семејството што се во близок допир со лицето што има шуга треба истовремено да се лекуваат
- Лекот треба да се нанесе по целото тело освен на кожата на главата под косата и на лицето, а следниот ден треба да се измие. Ако во меѓувреме се мијат рацете, лекот треба одново да се нанесе на рацете
- Може да минат 2-3 недели пред да се повлече осипот или јадежот откако било извршено соодветно лекување против паразитот што ја предизвикува шугата
- Децата може да одат на училиште после првата употреба на лекот

## Што е тоа?

Шугата е состојба на кожата придружена со јадеж, која ја предизвикува ситен паразит кој живее и се храни на горните слоеви на човечката кожа. Тој паразит живее само кај луѓето. И некои животни може да бидат заразени од паразити на шуга, но тие животински паразити ретко ги напаѓаат луѓето.

Шугата предизвикува широко распространет јадеж и дамчест осип (црвен на белата кожа, модар или кафеав на потемната кожа) на телото, на рацете и на нозете. Обично не се јавува на главата и на вратот. Јадежот е посилен ноќе и кога е топло. Паразитот се закопува во кожата, особено околу прстите, но исто така и на дланките и на стапалата кај малите деца. На тие места може да предизвика појава на мали пликови. Паразитите исто така може да се сретнат кај лактите, околу пазувите, кај пенисот и јајната кеса и околу брадавиците на градите. Заразените луѓе стануваат алергични на паразитот во кожата. Потоа кај нив се јавува широко распространет јадеж и алергиски осип.

## Како се пренесува?

Шугата обично се пренесува на други лица преку близок допир со заразеното лице, на пример, преку држење за рака со него. Често се пренесува од еден член на семејството на друг. Децата што си играат заедно обично си ја пренесуваат едни на други. Шугата не се добива поради лоша лична чистота. Паразитот на шугата не може да преживее надвор од човечкото тело па затоа не може да се префати од ќилимите или од мебелот.

## Како се спречува?

Сите членови на семејството и луѓето со кои лицето со шуга е во тесен допир треба да се лекуваат, без разлика дали кај нив е видливо

присуство на шуга или не. Лекувањето и на заразеното лице и на лицата што се во допир со него е најважно за спречување на ширењето на оваа болест.

## Како се лекува?

Повеќето луѓе може да се лекуваат со крем или лосион што се нанесува на кожата и кој ги убива живите паразити. Треба да побарате совет од лекар за тој да одлучи кое лекување ќе биде најсоодветно. Кремот или лосионот се нанесува од долната вилица надолу до ножните прсти, при што особено се води сметка да се нанесе на рацете и во наборите на кожата околу половите органи. Треба да се остави на телото 24 часа, а потоа следниот ден да се измие. Ако во тоа време се мијат рацете, кремот или лосионот мора повторно да се нанесе на нив.

Сите членови на домаќинството што се во близок допир треба истовремено да се лекуваат. Сите постели во кои се спиело ноќта кога се вршело лекувањето, и сите алишта што се носеле во последните неколку дена треба да се исперат. Вообичаено перење во жешка вода со прашок е доволно за да се убие паразитот. Понекогаш може да е потребно и второ лекување.

Откако ќе се изврши лекувањето, може да минат 2-3 недели пред да се смират осипот и јадежот. Лекарот може да препише кортизонски кремови за да го контролира јадежот, како и дерматитисот кој може да се појави како резултат од шугата. Децата може да одат на училиште по првото лекување.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent’s Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.